09-1261/1
25-02-2022

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62та седница одржана на ден 15.02.2022 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 09-3030/1 од 07.06.2019 година, оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицата ---- -----, ---- ------, ------ ------, ------ ------- и ------ -------- членови на совет на општина ------ **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од ЗСКСИ и по доставено Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија постапува по предмет со број 09-3030/1 од 07.06.2019 година отворен врз основа на пријава од познат подносител против повеќе лица- членови на совет на општина ------, и тоа ---- -----, ---- ------ , ------ ------, ------ ------- и ------ -------.

Пријавата содржи наводи дека горе наведените лица, како членови на Совет на општина ------ учествувале на седници на советот на општината каде на дневен ред биле ставени точки со кои се расправало и одлучувало за прашања во врска со претпријатија во кои истите лица се и вработени, а притоа гласале за донесување на одлуките без да побараат да бидат изземени.

Со цел утврдување на фактичката состојба и утврдување на вистинитоста на наводите, Државната комисија се обрати до Општина ------ со барање за доставување податоци и информации и побара, општината во прилог да ги достави сите записници каде е констатирано присуство и гласање на членовите на Советот на седниците за кои постојат наводи дека се одлучувало за спорните точки на дневен ред.

Во законски предвидениот рок, општина -------- до Државната комисија ги достави бараните записници од седниците на Советот, од кои може да се констатира дека членовите на советот на кои се однесува пријавата, присуствувале на седниците, учествувале во работата на советот и гласале при донесување на одлуките, без притоа да побараат да бидат изземени затоа што се носеле одлуки кои се однесувале на претпријатија во кои тие се вработени.

Со тоа што погоре споменатите лица, членови на Совет на општина ------ учествувале во работата на

советот, без притоа да побараат да бидат изземени при донесување на одлуките за претпријатијата во кои се вработени, постапиле спротивно на член 73 став 1 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, каде се предвидува дека:

Член 73
(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

Член 75
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

Со погоре опишаните дејствија, службените лица- членови на Совет на општина ------ ги прекршиле законските одредби од членовите 73 и 75 од ЗСКСИ, поради што Државната комисија до сите нив достави прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок и од нив побара да ги платат утврдените глоби за сторениот прекршок.

Со оглед на тоа што службените лица не постапија согласно укажувањето на Државната комисија и не ги платија глобите предвидени во прекршочните платни налози, Државната комисија до Прекршочната комисија при Државната комисија достави Барање за поведување на прекршочна постапка заради сторениот прекршок.

Со тоа, Државната комисија ги искористи своите елементи за надлежно постапување поради што го запира своето постапување.

Поради се погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК